Македонка МИТРОВА
Институт за национална историја – Скопје

УДК 355.216 (=163.41)
(497.7) “1903/1908“

# СРПСКАТА ПАРАВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА (1903–1908)

**Вовед**

Српската држава, следејќи го примерот на Бугарија и на Грција, кои уште од крајот на XIX век дејствувале со вооружени чети во османлиска Македонија, се активирала на полето на вооружената пропаганда (и тоа особено по Илинденското востание од 1903 година). Српската влада енергично се зафатила со формирање, финансирање и со раководење со четничка паравоена формација, чијашто дејност била насочена во правец на остварување на завојувачките планови на Кралството Србија кон османлиска Македонија. Ова претставувало нов курс во српската надворешна политика кон османлиска Македонија, со кој требало, ако не целата територија, тогаш барем еден дел од неа да стане посед во трајно владеење на српската држава.

Покрај примерот на своите соперници во Македонија, дополнителни три значајни внатрешнополитички и надворешнополитички настани го канализирале Кралството Србија кон вооружената пропаганда: Мајскиот преврат, Илинденското востание и Мирцштешките реформи. Имено, на 29 мај 1903 година офицерите-заговорници извршиле државен и династички преврат во Кралството. Заедно со династијата Обреновиќ, од политичката сцена во Србија отпаднале и оние фактори кои дотогаш не го фаворизирале ориентирањето на српската пропаганда кон вооружен курс. На нивно место дошле нови политички фактори, кои започнале да го стимулираат развојот на овој процес. Меѓу нив, на прво место биле офицерите-заговорници, кои по превратот ги зазеле клучните позиции во армијата и станале силен политички фактор. Како војници по

вокација, нивната визија за националната и државната мисија на Кралството Србија на Балканот ѝ вдахнувала нов живот на политичката идеологија на Илија Гарашанин.[1] Со личното учество во раководството на Српската четничка организација (СЧО), офицерите-заговорници придонеле многу за развојот на вооружената пропаганда во османлиска Македонија и ја вклучиле во делот на приоритетните државната задачи на Кралството Србија.

Важна улога за развојот на српската вооружена пропаганда имало Илинденското востание од 1903 година во Македонија. Владејачките кругови во Белград се соочиле со опасната можност да се случи признавање на автономијата на Македонија. Со тоа тие би го загубиле сето она што дотогаш го имале освоено преку дејствувањето на просветно-црковната пропаганда. Најревносни приврзаници на ориентацијата кон вооружениот курс на српската пропаганда биле српските агенти во османлиска Македонија, и тоа од конзулите до учителите. Уште во почетокот на 1903 година, нивните извештаи биле полни со предлози за организирање на четничкото движење како единствена можност да бидат заштитени српските интереси во османлиска Македонија.[2]

Трет фактор за развој на српската вооружена пропаганда биле Мирцштешките реформи во османлиска Македонија. Идејата за иднатата промена на границите на административните области со оглед на групирањето на т.н. „различни националности" во Македонија, содржана во членот 3 од реформската програма, дополнително ги потхранувала апетитите на српската влада. Белград во оваа идеја гледал проект за поделба на сфери на влијание во османлиска Македонија, што конвенирало со официјалната српска политика за поделба на целата област. За да си осигурат дел од реформските реони, владејачките кругови во Кралството Србија вложиле многу сили и средства во вооружената пропаганда, како поефикасна форма за дејствување во Македонија.[3]

---

[1] В. Вучковић, „Унутрашње кризе Србије и Први светски рат", *Историски часопис*, 14-15 (Београд, 1963-1965*)*, 176.

[2] Љубен Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија* (Скопје: Институт за национална историја, 1954), 135, 165, 196.

[3] Радослав Попов, *Австро-Унгарийя и реформите в Европейска Турция 1903-1908* (София: Българска академийя на науките, 1974), 75.

## 1. Првата фаза во организацискиот развој на Српската паравоена организација (1903–1905

Деталната анализа на севкупната дејност на српската вооружена пропаганда во османлиска Македонија укажува на постоење на две фази во нејзиниот развој. Првата фаза се однесува на периодот од 1903 до 1905 година, во кој пропагандата од идеен проект преминува во процес на практична реализација. Оваа етапа се однесува на почетоците на организацискиот развој на Српската четничка организација во Кралството Србија. Втората фаза го опфаќа периодот од 1905 до 1908 година. Во неа се случува конечното дооформување на четничката организација и нејзиното структурно организирање како во српската држава така и во османлиска Македонија.

Почетоците на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија можат да се следат уште од 1900 година. Меѓутоа, сѐ до крајот на 1904 година, вооружената пропаганда освен што успеала, и тоа дури по Илинденското востание, да уфрли неколку чети во Македонија, не постигнала некои позначајни резултати. Ова, впрочем, било и разбирливо зашто организацијата не била изградена, немала раководен кадар и, над сѐ, немала јасен план за работа. Поголема активност во османлиска Македонија српската вооружена пропаганда пројавила по востанието. Иницијативата за тоа ја дале веќе постојните раководни тела, какви што биле Главниот и Извршниот одбор.

Есента 1902 година во Белград бил основан Главниот одбор, како прв раководен орган на Српската четничка организација.[4]

[4] Драган Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, *Годишен зборник на Филозофски факултет*, кн.7/33, (Скопје, 1981), 40-41. Во составот на овој одбор влегувале: Милорад Гоџевац – општински лекар од Белград, Лука Човиќ – трговец, претседател на Управниот совет на трговско-лихварското здружение *Белградска задруга*, Васа Јовановиќ – адвокат и новинар, Живоин Рафајловиќ – активен пешадиски мајор, Никола Спасиќ – претставник на старо трговско семејство од Белград, член на Управниот совет на Народната банка, Љубомир Ковачевиќ – професор на Великата школа во Белград, поранешен министер. Види Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 40-41; Христо Силянов, *Освободителни борби на Македония*, т. 2 (София: Държавна печатница, 1943), 277. Интересно е да се истакне дека овој одбор во прво време дејствувал под името „Белградска задруга“, а неговото седиште било во куќата на Лука Човиќ. Види Јован Хаџи-Васиљевић, *Четничка акција у Старој Србији и Маћедонији* (Београд, 1928), 18.

Пионерите на вооружената пропаганда произлегувале од тогашните влијателни граѓански и воени средини на српската елита. Со ваков состав, Главниот одбор на СЧО имал сериозно влијание меѓу трговските и банкарските кругови, националистички настроената интелигенција и меѓу армијата во Кралството Србија. Силниот политички кредибилитет на одборот се дополнувал со стабилната економска положба на неговите членови, така што освен со авторитет, тој бил осигуран и со материјални средства.[5]

Наскоро по формирањето на Главниот одбор, започнал процесот на регрутирање на четниците и нивно подготвување за испраќање во османлиска Македонија. Меѓутоа, уште во самиот почеток на работата, членовите на раководното тело се судриле со низа тешкотии. Во согласнот со карактерот на дејноста што ја вршеле, членовите на овој одбор не биле во состојба непосредно да раководат со уфрлањето на вооружените чети преку границата со османлиската држава. Всушност, тие не сакале да бидат откриени како организатори на вакви акции насочени директно против суверенитетот на османлиската држава и со тоа да иницираат посериозни меѓународни последици врз и онака разнишаниот углед на Кралството Србија во летото 1903 година.[6] Поради овие причини, пред раководниот орган се наметнало прашањето за формирање уште едно раководно тело. За таа цел, во текот на месец август 1903 година, во Врање бил формиран нов четнички одбор, именуван како Извршен одбор.

Но, по извесно време од формирањето на Извршниот одбор, се наметнала потребата од создавање исти такви одбори и по должината на линијата Белград –Врање сè до српско-османлиската граница. За таа цел, по извесно време биле формирани вакви пододбори во Лесковац и во Ниш.[7]

Откако биле формирани главните тела и двата пододбори во Лесковац и во Ниш, српската вооружена пропаганда ја засилила

[5] За пример може да послужи фактот дека само Лука Човиќ, во чијшто дом биле одржувани состаноците, годишно давал по 40 000 до 50 000 динари, што е значителна сума за тоа време. Види: Силянов, *Освободителни борби на Македония*, 277.

[6] Со мајскиот преврат во Кралството Србија насилно била сменета династијата Обреновиќ и на нејзино место дошол Петар Караѓорѓевиќ. Поради ваквиот чин, Кралството Србија се нашло во меѓународна изолација. Големите сили не ја признале веднаш промената на династијата. Колку за пример ќе споменеме дека Велика Британија дури во 1906 година ја признала династичката промена и воспоставила нормални дипломатски односи со Кралството Србија.

[7] Живоин Рафајловић, „Наша Прва чета“, *Јужни преглед*, V/6-7, јуни-јули (Београд, 1930), 265; За ова види и Јован М. Јовановић, *Јужна Србија од краја XVII века до ослобођења* (Београд: Геца Кон А.Д., без год.), 159.

својата дејност во османлиска Македонија. За тоа недвосмислено говори и фактот дека веќе во текот на 1904 година биле подготвени и испратени неколку чети во османлиска Македонија. Меѓутоа, уште од самиот почеток организаторите се судриле и со низа тешкотии, различни по својот карактер. Во прв ред тие тешкотии ги чувствувале четите како оперативни единици: ненавременото снабдување со оружје, муниција, облека, храна, санитетски материјали, пари, а, над сè, непостоењето на сигурни бази за престој на теренот. Ова биле сериозни пречки со кои се судриле раководните органи на паравоениот пропаганден механизам. Решавањето на овие проблеми било тесно поврзано со формирањето нови помошни тела – пододбори, кои требало да се грижат за сето она што било неопходно во процесот на одвивање на активноста на паравоените оперативните единици – четите.[8] Чувствувајќи ја потребата од такви тела, постојните тела на СЧО пристапиле кон нивно формирање. Како што се гледа од едно писмо на Главниот, наречен уште и Централен, одбор од 26 мај 1906 година (ст. стил), испратено (под Пов. бр. 323) до Извршниот одбор во Врање, освен веќе постојните (во Лесковац и во Ниш), СЧО формирала пододбори и во Пирот, Крагуевац, Ќуприја, Параќин, Пожаревац, Велика Градишка, Лозница и во Шабац.[9]

Во првата фаза од својот развој, СЧО при крајот на 1903 година започнала да ја создава својата структура и во османлиска Македонија. Ова бил нов, особено важен момент во организацискиот развиток на српската вооружена пропаганда. Откако извршиле анализа на дотогашната дејност, раководителите на вооружената пропаганда дошле до следниот заклучок: колку и да се ангажираат во Кралството, нема да имаат основа да очекуваат реални успеси ако не располагаат со сопствена организациска структура во внатрешноста на османлиска Македонија. До ваква констатација логично ги довел обидот на паравоените чети што дотогаш биле испратени во османлиска Македонија да дејствуваат, и тоа без канали, без водичи, но главно без организација. Оттука, на самиот терен, или четниците преминувале на страната на Македонската револуционерна организација (од 1896-та ТМОРО, од 1905-та ВМОРО), или, пак, разбиени се враќале во Кралството Србија. Така, бугарскиот историограф Светозар Елдаров, во својата книга констатира: „Лишена од народносна база, Српската

8 Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 42.

9 Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година“, 43; С. Краков, *Пламен четништва* (Београд, 1930), 89.

четничка организација во Македонија била градена врз основа на органите на училишно-црковната пропаганда и од нејзините членови: конзули, учители, училишни инспектори, свештеници и други платени агенти. Во својата дејност таа била помагана од специјални емисари, т.е. воени лица, испраќани од Кралството Србија. Поставувањето на структурата на Српската четничка организација во османлиска Македонија започнала по Илинденското востание, замаскирано со дејноста на српските добротворни друштва за распределување на помошта на настраданото население“.[10]

До крајот на 1904 година во Битолскиот вилает биле создадени четири одбори на Српската четничка организација. Првиот бил основан во Битола на чело со Алекса Јовановиќ, српски учител во градот, и членовите Панта Гавриловиќ, вицеконзул, Саватие Милошевиќ, службеник во конзулството, и Јован Кирковиќ, училиштен инспектор и секретар на велешко-дебарскиот митрополит.[11] Битолскиот одбор започнал да ги организира и другите пододбори во преостанатите центри на српската пропаганда во вилаетот. Како покритие била користена мисијата на Милица Добриќ и Надежда Петровиќ, претседателката и секретарката на *Коло српских сестара*, коишто во втората половина на 1903 година презеле пропагандно-добротворна обиколка во некои реони на Македонија. Во Кичевската каза, двете активистки на женското здружение, во придружба на Ј. Кирковиќ, имале за задача да му поделат 4000 динари на настраданото население. Со оваа сума Ј. Ќирковиќ успеал да создаде два пододбора именувани како „добротворни“, а, во суштина, единици на СЧО: еден во Кичево, чиј претседател бил училишниот управител Лазар Кујунџиќ, а вториот во Самоков, нахискиот центар на Порече, на чие чело застанал училишниот управител Марко Цериќ.[12] Четвртиот пододбор во Битолскиот вилает бил организиран во ноември 1903 година во Крушево, и тоа од страна на битолскиот српски конзул

[10] Светлозар Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, (София: Военноиздателски комплекс „Св. Георги Победоносец“, 1993), 75.

[11] Алекса Јовановић, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима“, *Споменица двадесетпетогодишнице ослобођења Јужне Србије 1912-1937* (Скопље, 1937), 273, 275, 278-280.

[12] Љубен Лапе, „Добротворната акција на српската сликарка Надежда Петровиќ во Кичевско и Порече 1903 година“, *Историја*, 1, (Скопје, 1967), 88-93; Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*, 357.

Љубомир Михајловиќ и со посредништво на училишниот управител Алекса Грдановиќ, кој станал и претседател на пододборот.[13]

Четири одбори на СЧО биле создадени и во Косовскиот (Скопскиот) вилает. Центарот на оваа област било Скопје, седиштето на вилаетот и на српското конзулство. Кон крајот на 1903 година бил организиран одбор на СЧО од директорот на српската гимназија во градот, Светозар Томиќ, потпомогнат од агентот на српската пропаганда Милан Манчиќ. До средината на 1904 година, во Скопскиот одбор се вклучиле и српскиот свештеник Стефан Димитриевиќ и учителите од српската гимназија Петар Косовиќ и Богдан Раденковиќ.[14] Покрај овој во Скопје, кој бил именуван како централен, во Прешевската каза бил создаден реонски одбор, чиешто седиште било префрлено во патријаршискиот манастир Св. Прохор Пчињски, кој станал база за дејствувањето на кумановските српски паравоени чети.[15] Другите два пододбори на СЧО во вилаетот биле создадени во Велес, кој бил предводен од директорот на српската гимназија Давид Димитриевиќ, и во Куманово, од свештеникот Ташко Петровиќ и учителот Лазар Бошковиќ.[16]

Со ваква структура и ваков личен состав, СЧО и во двете свои филијали, и во османлиска Македонија и во Кралството Србија, се развивала сè до средината на 1904 година. Но формирањето, ширењето на организацискиот апарат и неговата активна дејност не можеле долго време да останат сокриени од пошироката јавност. Првиот потрес следувал по ширењето на веста за разбиената српска кумановска чета на 12 мај 1904 година (ст. стил). Оваа чета во судир со османлиската војска била разбиена, а на меѓународен план овој настан бил замаскиран со неколку вешти маневри од страната на српската влада.[17] Имено, тогашниот раководител на Главниот одбор во Белград,

---

[13] Лапе, *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*, 338, 342-344.
[14] Краков, *Пламен четништва,* 98.
[15] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912) ,* 75.
[16] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 75.
[17] *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1914*, књ. I, св. 2, САНУ, (Београд: Српска академија науке и уметности, 1998), док. 207, док. 208; 364. Српскиот конзул во Скопје, Михајло Ристиќ, во извештајот испратен до Белград го коментира настанот како предавство и го моли Министерството за надворешни работи да ѝ застане на патотот на ваквата авантура затоа што тоа му пречи на српското дело во Македонија; Според сеќавањата на С. Симиќ, била разбиена четата на српскиот четнички војвода Анѓелко Алексиќ кај селото Четирце, која броела дваесет и четири четници. Види Стеван Симић, *Српска револуционерна организација (комитско четовање у Старој Србији и Македонији 1903-1912)*, (Београд: И. П. „Душка“, 1998), 96.

генералот Јован Атанацковиќ, бил „деградиран“ со изземање од должноста аѓутант на кралот и началник на канцеларијата на кралските ордени, а организацијата раководена од него била именувана како „добротворно друштво“.[18] Ваквата етикета, залепена набрзина на СЧО, се покажала како премногу проѕирна за да може да ја прикрие вистинската суштина. Само два месеци подоцна пратениците на Русија и на Австро-Унгарија во Белград испратиле индентични ноти до српската влада. Со нив, тие го опоменувале Кралството Србија дека ако не ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи испраќањето на паравоените чети во Македонија, ќе биде одговорно за евентуалните меѓународни последици.[19] Разбивањето на српската чета од страна на османлиската војска и реакциите на големите сили ја претставуваат, всушност, границата на преминувањето од првата во втора фаза на дејствување на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија.

Всушност, дотогашното искуство на одговорните фактори во Белград им покажало дека само контролата врз СЧО од страна на владата не е доволна. За нејзиното беспрекорно и главно конспиративно функционирање било неопходно таа да го преземе директното раководење со четничката организација. „Стратегиската цел на српската вооружена пропаганда: создавањето ’српско население‘ во Македонија или барем впечаток дека таквото навистина постои – претпоставува строго создавање конспиративност на организациската структура во Кралството и, напоредно со ова, целосна гласност за постоењето на организацијата надвор од него“.[20] Значи, сето ова укажува дека постоел паралелизам во дејноста на српската вооружена пропаганда. Центарот бил престолнината на Кралството Србија, а главната експозитура требало да биде во Македонија.

До крајот на 1904 година СЧО во Кралството Србија било добро раширено и нејзината мрежа од одбори, пододбори и помошни организации како *Коло српских сестара* или *Српска браќа* ја опфатиле целата територија на земјата. Главниот одбор во Белград и неговите единици се занимавале со врбување и испраќање чети, собирање пари, складирање оружје и други активности. Но многу често тие се дуплирале во работата и во ингеренциите. „Ваквиот растеж по хоризонтала не бил добар не само поради технички причини, туку влегувал во противречност и со стратегиската цел на вооружената пропаганда. Сето ова ја предизвикало неопходната промена по

---

[18] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 76.
[19] *Документи о спољној политици краљевине Србије 1903-1913*, док. 323, 546.
[20] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)* , 77.

вертикала, којашто требало да ја усоврши структурата на СЧО во насока на полна централизација и конспиративност и главно да гарантира контрола и раководење од страна на српската влада“.[21]

За проблемите на идниот развој на СЧО се дискутирало на состанокот одржан кон крајот на октомври 1904 година, кој бил свикан од страна на министерот за надворешни работи, Никола Пашиќ. На него присуствувале српските конзули од османлиска Македонија и српскиот претставник во Софија, Светислав Симиќ. Раководителите и извршителите на српската политика оцениле дека Главниот одбор под претседателство на генералот Ј. Атанацковиќ станал претерано транспарентен во јавноста и, следствено, веќе бил искомпромитиран. Самиот Ј. Атанацковиќ бил окарактеризиран како „крајно своеглав човек“. Освен тоа, основната стратегија на српската политика била „да се слушне гласот на српскиот народ во Македонија“. Меѓутоа, ова било невозможно да се изведе преку Главниот одбор во Белград предводен од генералот. Врз основа на сите овие аргументи, на овој состанок на српските дипломати било одлучено да се распушти Главниот одбор на СЧО и раководството на вооружената пропаганда директно да премине во рацете на Министерството за надворешни работи, во чиишто рамки ќе се создаде нов раководен орган под името Врховен одбор.[22] Ова, всушност, го означува преминот во втората фаза на дејствување на српската вооружена пропаганда во Македонија, во којашто СЧО и официјално станува државен орган.

## 2. Втората фаза во организацискиот развој на Српската паравоена организација (1905–1908)

Втората фаза од развојот на оваа паравоена организација ја карактеризира конечното дооформување на структурната поставеност на четничката организација во Кралството Србија, а паралелно со тоа и во османлиска Македонија. Практичното изведување на промената било извршено на 21 јуни 1905 година (ст. стил). Врховниот одбор, за којшто било надлежно Министерството за надворешни работи, донел решение, според кое, организирањето и испраќањето на четите било иземено од сите дотогашни одбори и пододбори и преминало во рацете на новосоздадениот Централен одбор со седиште во Белград. Старите одбори и пододбори и понатаму продолжиле да постојат, но само како помошни органи и со ингеренции исклучително за собирање пари и материјали. Во системот на СЧО останал единствено да

[21] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 77.
[22] Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 78.

функционира Врањскиот одбор, од кој се создале два нови органи: Пословен и Извршен одбор.[23] Решението од 21 јуни 1905 година (ст. стил) точно го утврдило местото на Врховниот, Централниот, Пословниот и на Извршниот одбор во структурата на СЧО, определувајќи им го членскиот состав и строго дефинирајќи ги границите на нивните компетенции. Меѓутоа, во ингеренциите се појавило и двојство во работата на Пословниот и на Извршниот одбор, чиишто функции донекаде се дуплирале. Затоа со специјална наредба на Врховниот одбор од 17 декември 1905 година (ст. стил), двата последни одбори биле распуштени и на нивното место бил формиран само еден – Извршниот одбор. Две години подоцна, и Централниот одбор прекинал со својата дејност, така што од 1907 година СЧО дејствува со сосема упростена структура: со Врховен одбор во Белград и Извршен одбор во Врање.[24]

Паралелно со организациската мрежа на СЧО во Кралството Србија, била создавана и нејзината филијала во османлиска Македонија. Поради специфичните услови во Македонија, организациската структура на СЧО била различна од таа во Кралството Србија. Врз основа на мрежата од одбори, создадени во текот на 1903–1904 година, била формирана една базична илегална четничка организација, која својата завршна форма ја добила со Правилникот од 1905 година.

Овој документ, официјално именуван како *Правила на тајното друштво Српска одбрана*, содржи 34 члена групирани во 11 дела, кои ја отсликуваат новата, втора фаза во развојот на организацијата на вооружената пропаганда во османлиска Македонија.[25] Ваквото именување на СЧО во Македонија било дел од стратегијата на српската политика, која по секоја цена се стремела да ја разграничи организацијата во српската држава од нејзината филијала во османлиска Македонија. Имено, ова било направено со конкретна политичка цел: СЧО во Македонија да биде презентирана како автохтона појава, и покрај тоа што и двете структури претставувале делови од една иста организација и биле создадени од еден ист центар – Министерството за надворешни работи во Белград.

---

[23] Глигор Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, *Гласник*, XII/1 (Скопје: Институт за национална историја, 1968), 182-183.

[24] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 187.

[25] Јовановић, *Јужна Србија од краја XVII века до ослобођења*, 160-164; Данчо Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, т. I (Скопје: Архив на Македонија, 1977), 74-78.

Целта на четничката организација Српска одбрана била да го штити српството во Стара Србија и Македонија со истите средства со кои „се служел непријателот“ (член 2).[26] Имено, ова требало да го реализира преку прогонување на сите „бугарски и бугарофилски чети“ и со најстрого казнување на сите оние што им помагале. За Српска одбрана биле „Бугари“ сите оние што се бореле против власта на султанот во Македонија (член 18).[27] Целите на Српска одбрана биле идентични со задачите на грчката паравоена организација Македонска борба, а тоа било борба против македонското револуционерно движење, но не и борба против османлиските државни органи.[28] Српските чети „не треба да напаѓаат војници, жандари и османлиски чиновници“, стои во член 17 во Правилникот на четничката организација.[29]

Иако целта на организацијата била да ги ослободи „Србите“ од османлиското ропство, таа ги задолжила своите „револуционери“ да избегнуваат судир со османлиската војска. Тие требало:

1. да се борат против „бугарските чети“ кои претставувале главни непријатели на српските историски права во Македонија;
2. да ги придобијат за српската кауза сите села врбувани од бугарската пропаганда преку истакнување на големината и иднината на српската нација;
3. да се залагаат за тоа потиснувачите на народот да бидат уништувани и на иста казна да бидат ставени и „Бугарите“, кои не биле наклонети кон српската кауза...[30]

На чело на организацијата во Македонија постоеле два одбора, еден во Скопје, а другиот бил во Битола (член 5).[31] Под нив биле поставени пододборите, кои се наоѓале обично, но не и задолжително, во центрите на казите (член 6).[32] Пододбори на СЧО биле формирани во Куманово, Велес, Дебар, Охрид, Прилеп, Кичево, Порече, Дримкол

---

[26] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*,74.
[27] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*,78.
[28] *Историја на македонскиот народ*, кн. 3 (Скопје: Институт за национална историја, 2003), 376.
[29] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 76.
[30] *Историја на македонскиот народ*, 376.
[31] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 74.
[32] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

и во Крушево.[33] Последните органи во хиерархијата биле месните, односно селските одбори.

Според Правилникот, механизмот на функционирањето на СЧО бил следниот: Скопскиот одбор ги раководел пododборите и месните одбори во Источното Повардарје, а Битолскиот во Западното. Одборите издавале упатства и наредби за кои биле задолжени пониските органи, како што стои во членот 9 од Правилникот.[34] Пододборите биле должни да се во постојана врска со соодветниот одбор и да ги спроведуваат наредбите до месните одбори во својот реон (член 10).[35] Правилата им одредувале големи задолженија на месните одбори, како, на пример, сите жители на населеното место да ги придобијат како членови на организацијата, да собираат доброволни прилози, да ги исполнуваат сите наредби од соодветниот пододбор (член 11).[36] Сепак, ваквата замислена организациска поставеност останала само запишана на хартија, затоа што во реалноста месните одбори играле незначителна улога во структурата и дејноста на СЧО во Македонија. Со исклучок на српските патријаршиски села во Порече и неколкуте села во другите реони, наследени од училишно-црковната пропаганда, Српска одбрана до крајот останала организација само на српските учители, училишни инспектори и свештеници, т.е. на платените српски агенти во османлиска Македонија.

Правилата на Српска одбрана биле добро редактирани и мошне опширни, меѓутоа ниту во еден од 34-те члена не било прецизирано ниту, пак, кажано кој, всушност, раководи со Организацијата. На ова се надоврзуваат и се наметнуваат неколку последователни прашања: зошто не биле датирани Правилата, од кого биле напишани и каде? Позната е само годината, но не и местото и датумот. Во извештајот на бугарското трговско агенство во Скопје од 16 април 1905 година (ст. стил) којшто се однесува на дејствувањето на српската чета во селото Јачинце, Кумановска каза, се спомнува писмо упатено до „српскиот војвода“ Павле Јачински. Писмото било

[33] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 186.

[34] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

[35] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

[36] Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 75.

придружено со „устав на српскиот комитет, составен од 34 члена“.[37] Овој податок нѐ упатува на заклучокот дека Правилата биле напишани во првото тримесечје од 1905 година, и тоа на територијата на Кралството, а потоа почнале да се дистрибуираат на целиот раководен кадар на СЧО во Македонија.

И по формата и по содржината, овој документ имал повеќе репрезентативен отколку вистински правилнички карактер. Неговата намена била да служи повеќе за пропагандна агитација меѓу македонското население и пред надворешниот свет отколку да претставува основа за градење и дејствување на СЧО во османлиска Македонија. Вистинските документи што ја определувале и ја канализирале нејзината активност биле инструкциите и наредбите на Министерството за надворешни работи во Белград и на српските конзулства во османлиска Македонија. Околноста што во Скопје и во Битола се наоѓале највисоките органи на Српска одбрана не била воопшто случајна. Преку нив српските конзулства во двата града раководеле со системот од одбори и пододбори во османлиска Македонија и ги испраќале неопходните инструкции и средства. Од јануари 1908 година сите одбори на СЧО во Битолскиот и во Скопскиот вилает преминале под надлежност само на Скопскиот генерален конзулат. Всушност, интенцијата била да се постигне „единство во службата и акцијата и системот што мора да се има во оваа работа“.[38]

Организацијата не претставувала единствен структурен елемент на српската паравоена интервенција во османлиска Македонија. За да ја реализира својата поставена цел, ѝ биле потребни и специјални инструменти на насилство, т.е. паравоените чети. Бидејќи била лишена од својата српска народносна база во Македонија, СЧО била принудена да го потчинува населението само со помош на вооружена сила. Ваквите околности им наметнале на нејзините раководители целото свое внимание да го посветат на создавањето воена четничка институција.

---

[37] Величко Георгиев, Стайко Трифонов, *Гръцката и сръбската пропаганди в Македония (краят на XIX - началото на XX век)*, (София: Македонски научен институт, 1995), док. 59, 351. Вилаетските власти го превеле документот на османлиски, а странските дипломати во Скопје направиле превод од османлиската копија и затоа во многубројните преводи и преписи се појавува различното именување на документот. Некои го именуваат како Правилник, а другите како Устав. Имено, според содржината на самиот документ, тој би можел да ги исполнува и двете функции.

[38] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 188.

До крајот на 1904 година четничката организација на српската вооружена пропаганда претставувала еден систем од чети и секоја од нив дејствувала во определен регион во османлиска Македонија. Задолженијата на четите биле определени од *Правилникот на српските чети*, изработен, најверојатно, во почетокот на 1904 година.[39] Од 1905 година четничката институција на вооружената пропаганда навлегла во повисок стадиум од својот развој, т.е. во втората фаза, отсликана во *Правилата на тајното друштво Српска одбрана*. Една третина од 34-те члена се однесувале на организациската поставеност на четничката институција. Во однос на претходниот период (првата фаза), можат да се забележат два нови моменти: создавање на т.н. Горски штаб и конечно формулирање на „српската селска полиција". Создавањето на Горскиот штаб следувало поради зголемениот број на четите.

Во втората фаза, во текот на 1905 година, територијата на османлиска Македонија била поделена на две области по течението на реката Вардар, секоја со свој одделен горски штаб – ГШ за Источното и ГШ за Западното Повардарје.[40] Составот на горските штабови бил пополнуван исклучиво со офицери на српската армија. Во периодот од 1905 до 1908 година началници на ГШ за Западното Повардарје биле офицерите од резервниот состав на српската армија: Сретен Рајковиќ, Панта Радосавлевиќ, Никола Јовановиќ, Ѓорѓе Цамбасановиќ и Сава Петровиќ. Во вториот штаб на истата должност биле: Аксентие Бацета–Рујанац, Воин Поповиќ, Алимпие Марјановиќ и други.[41]

Имено, регрутирањето, вооружувањето, обуката и преостанатото поврзано со формирањето на српските чети било извршувано од филијалата на СЧО во Кралството Србија.[42] Така, првиот дел од процедурата што кандидатите-четници морале да го направат било поднесувањето молба до Централниот одбор на Српската четничка организација во Белград. По нејзиното разгледување и одобрување,

---

[39] Силянов, *Освободителни борби на Македония*, 305; Зографски, *Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија* (Скопје: Институт за национална историја, 1955), 210.

[40] Јовановић, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима", 288-289; Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 188; Велков, „Активноста на српската четничка организација во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година", 60-61.

[41] Јовановић, „Четнички покрет у Јужној Србији под Турцима", 288, 289, 293, 297; Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 188-189.

[42] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија", 189-190.

истата била испраќана до Пословниот одбор во Врање, од каде што била дистрибуирана до Извршниот одбор. Избраните кандидати пред евангелието, камата и револверот давале заклетва дека би го дале животот за „ослободување и обединување на браќата Срби со мајка Србија“. Новопримените четници не заминувале веднаш во Македонија. На почетокот, задолжително го поминувале курсот по воена обука воден од офицерите на српската армија. По обуката, четниците преминувале во привремени одделенија, коишто служеле како резерва, сè до нивното префрлање во османлиска Македонија. Од нив подоцна се пополнувал составот на старите или се формирале нови чети. За испраќањето на секоја чета во османлиска Македонија бил информиран одборот на СЧО во Скопје. Тој бил должен преку пододборите и месните одбори да стапи во врска со четата и по востановените канали да ѝ испраќа еднаш во неделата парични средства за издршка.[43]

Српските четници и војводи без материјален надомест не служеле во СЧО. Тие добивале месечни плати. Имено, за војводите, месечните плати варирале од 100 до 150 динари, а за четниците од 20 до 60 динари. Од друга страна, и болните и ранетите четници биле лекувани на сметка на СЧО. Централниот одбор на СЧО пред пратениците во Собранието во Белград се залагал да издејствува и постојани пензии за српските четници. Српските офицери, подофицери и војници, учесници во различни структури на четничката организација, од воениот министер добивале „задгранична теренска служба“, а нивната активност во османлиска Македонија се сметала како служба во армијата.[44]

Во втората фаза, во периодот 1905–1908 година, СЧО веќе без никаква дилема претставува специјализиран државен орган кој ја спроведува политиката на Кралството Србија кон османлиска Македонија.

## Заклучок

Проследувајќи го формирањето, организацискиот развиток во двете фази на СЧО, како во Кралството Србија така и во османлиска Македонија, констатираме дека СЧО не претставувала ништо друго освен терористичка организација, т.е. паравоена формација на српската држава која дејствувала на македонска територија со

---

[43] Тодоровски, „Српската четничка организација и нејзината активност во Македонија“, 186.

[44] ЦДАИ, ф. 176, оп. 1, а.е. 2494, л. 33 преземено од Елдъров, *Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)*, 91.

единствена цел: завладување нови територии. „Поимот паравоена формација означува воена структура која е организирана како напоредна воена формација на регуларната армија на одредена држава, или на одделни нејзини партии на власт, или на организации блиски до власта. Нејзината цел е преку субверзивната активност да подготвува терен за завладување на одделни територии“. [45] Сите овие атрибути ја сочинуваат суштината на функционирањето на Српската четничка организација на македонската територија. За определувањето на ваквата улога на СЧО во османлиска Македонија говорат и следниве аргументи: организацијата била под директна контрола на Министерството за надворешни работи на Кралството Србија; била финансирана од државниот буџет на Кралството Србија; во раководството на организацијата во османлиска Македонија влегувале исклучиво српските воени лица и српските агенти; четниците во Македонија работеле исклучиво за пари; основната методологија на работата на четите било заплашувањето и насилството, односно теророт врз месното население. Конспиративноста во работењето на организацијата во матичната филијала во Кралството Србија и паралелно со ова целосната артикулација на постоењето на истата во Македонија укажува на единствено нешто, имено дека Српската четничка организација во османлиска Македонија била паравоена формација на српската држава.

Уште еден неспорен факт што зборува во прилог на ваквиот заклучок е динстинкцијата помеѓу целите на Српска одбрана и Македонската револуционерна организација во борбата против османлиската власт. Ако МРО во членот 3 од својот Устав ја апострофира „борбата против османлиската власт“,[46] Српска одбрана во членот 17 од својот Правилник потенцира: „...српските чети не треба да напаѓаат војници, жандари и османлиски чиновници“.[47]

---

45 Марија Пандевска, *Струмички револуционерен округ (1893-1903)*, (Скопје: Институт за национална историја, 2002), 320.

46 Манол Пандевски, *Програмски и статутарни документи на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (1904-1908)*, (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1998), 33.

47 Зографски, *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906*, 76.

Makedonka MITROVA

# THE SERBIAN PARAMILITARY ORGANISATION IN THE OTTOMAN MACEDONIA (1903–1908)

*- s u m m a r y -*

The detailed analysis of the overall activities of the Serbian military propaganda in Macedonia points at the existence of two phases in its development. The first phase refers to the period between 1903 and 1905, during which, the propaganda develops from an ideological project into a process of practical realisation. This phase refers to the beginnings of the organisational development of the Serbian Chetnik Organisation (SCO) in the Kingdom of Serbia and its spreading to Ottoman Macedonia. The second phase covers the period between 1905 and 1908. During that period the Chetnik organisation and its structural organising is rounded up both in the Kingdom of Serbia and in Macedonia. If we look at the foundation and the organisational development of the two phases of the SCO, both in the Kingdom of Serbia and in Ottoman Macedonia, we come up with the single conclusion that SCO is nothing more but a terrorist organisation i.e. paramilitary formation of the Serbian state that operates on the Macedonian territory with a single objective: conquering new territories.